Разговор, СИНТЕЗИС

# ДЕ БОГ ДА БИЕ...

## Марина Домазетовска

ЗАПОЧНАА ВО 1995 ГОДИНА СО ЕДНА ЦЕЛ - ДА НАВЛЕЗАТ ДЛАБОКО ВО КОРЕНИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР. ДЕНЕС ВЕЛАТ ДЕКА ДОБРО ЈА ИЗВРШУВААТ СВОЈАТА МИСИЈА. УШТЕ ВЕЛАТ ДЕКА НИВНАТА МУЗИКА Е ОНАА ВИСТИНСКАТА, НАРОДНА, И ДОПИРА ДО ЛУЃЕТО. НИВНИОТ НОВ АЛБУМ Е ВО ПОДГОТОВКА. СО М. ДОМАЗЕТОВСКА ЗА ПРЕМИН ЗБОРУВА МАРЈАН ЈОВАНОВСКИ ОД СИНТЕЗИС

**Премин:** Спремате нов албум...

**Синтезис:** Да. Еве вака, да не речам еклсузивно, ова е една убава прилика да го кажам и името на албумот. Тоа е наслов на една од песните "Let God smite him" или во превод „Де Бог да бие". Во песната насловот се однесува на Крале Марко.

**Премин:** Како одеше снимањето?

**Синтезис:** Снимањето беше супер. Сами си се организиравме. Добивме идеја да снимаме во „М2" во МТВ. Тоа е студио во коешто ние во принцип работиме веќе долги години. МТВ ни излезе во пресрет, така што тие се и еден од спонзорите на CD-то. Апаратурата за снимањето е донесена од студиото „Подрум", тонец е Анѓел Ќосев, а снимавме со живи инструменти. Целата поента ни беше да добиеме најчист сигнал што може, онака суров, којшто после би можеле да го миксаме во добро студио, со добра опрема. Затоа одлучивме миксањето да го направиме во Минхен. Албумот ќе се печати во Австрија, дизајнот го прави Телеком, и тоа Александра, можеби во соработка со Милчо Серафимовски.

**Премин:** Имате ли гости на новото CD?

**Синтезис:** Албумот има четири вокални и четири инструментални нумери. Гости ни се Македонската Филхармонија на четири композиции и Тоше Проевски на една песна, „Ој девојче", снимена во студиото „Тралала" на Мите Димовски. Многу ни беше важно во ова CDда не се повторуваме, туку да се надминеме.







**Премин:** До сега работевте со 'Скопскиот Џез Фестивал', односно, Оливер Белопета ви беше менаџер и издавач на албумите. Што сега?

**Синтезис:** Да, сите три досегашни изданија ни се под СЏФ. Сега е сè уште рано да кажам кој ќе го издаде новото CD. Имаме понуди од сите релевантни издавачки куќи. Пак ќе речам дека е рано да се зборува, но и многу веројатно да го издадеме сами.

**Премин:** Во 1995 година Синтезис најави дека започнува да работи, а целта беше една - тоа е да навлезете длабоко во корените на македонското фолклорно наследство. Колку сте задоволни од досегашното извршување на мисијата?

**Синтезис:** Направи една многу убава споредба - Синтезис мисионери на Македонија, но според мене уште поважно, Синтезис внатре во земјава успеа да го потсети македонскиот народ на наследтвото што го имаат...

**Премин:** Влијанието е големо. Особено затоа што во земјата влегуваат и се пласираат секакви музики. Нема толкав излез на македонска музика колку што има влез на западни трендови, а и на источни.

**Се потрудивме да навлеземе најдлабоко што може во македонскиот фолклор и да црпиме од она што е вистински извор.**

**Синтезис:** Мислам дека единствен начин да се пласираме во светот е прво дома добро да се запознаеме.

**Премин:** Имавте многу турнеи надвор од Македонија, дали сега со новото CD имате нови планови?

**Синтезис:** Во секој случај. Новиот албум излегува при крајот на месец јуни. Малку брзавме за да го стигнеме тој термин, бидејќи на 6 јули заминуваме за Шведска, каде што ќе имаме пет концерти. Ќе промовираме дел од новото CD. Сега за сега сè е на наша рака, немаме менаџер, но отворени сме за соработка. Со Оливер Белопета се договоривме да ја прекинеме соработката, бидејќи тој е многу зафатен со Скопскиот Џез Фестивал, потоа со OFFEST, уметнички директор е на Љубљанскиот Џез Фестивал итн. Нас ни е потребен full-time менаџер. Некој што ќе има време. Оливер, нормално, не може, тој е повеќе од 20 години директор на таа институција (СЏФ).

**Премин:** Освен Шведска, ќе имате ли промоција во Македонија?

**Синтезис:** На 1 август во склоп на Охридско Лето, во Амфитеатарот, ќе имаме концерт. Тогаш ќе бидеме сами на сцена, значи Македонската Филхармонија нема да биде гостин, но во септември или октомври во план е најмалку еден концерт во Универзалната Сала во Скопје. Исто така, бидејќи не сме имале многу настапи низ Македонија, освен во Битола, Охрид и Крушево за Илинденски денови, во план ни се концерти низ земјава. Она што ни е многу важно е дека проектот е многу скап, така што без помошта на Македонските телекомуникации, Прокредит Банка, МТВ, Федекс и МАТ, немаше да успееме.

**Премин:** Има ли Синтезис потреба од други промени? Еве менаџерот го променивте..

**Синтезис:** Персонални не. Во 10 години постоење сме имале само две големи промени. Првата беше со Драган Даутовски, и еве ја сега втората со Оливер Белопета. И тоа, ние со Оливер не ја







прекинавме соработката. Тој нас ни помага и околу CD-то итн. Многу сме му благодарни, бидејќи токму тој ни помогна да се промовираме во светот. Потребни се две работи - добар проект (музика и музичари) и добар менаџер. Ние со Оливер ги имавме и двете работи и мора да речам дека заедно со него ги посетивме и свиревме на најголемите фестивали во Европа; како во Белгија, Португалија, Италија, ...бевме заедно во Јапонија, Австралија, Америка, Израел. Заедно сме поминале многу и сигурен сум дека и понатаму ќе соработуваме.

**Премин:** За крај, кој е највпечатливиот момент, концерт, турнеја или средба за Синтезис?

**Синтезис:** Има многу. Веројатно за секој член на Синтезис различни моменти се во прашање. Би можел да го кажам она што мене ми остави најмногу впечаток. Прво ќе кажам дека како турнеја највпечатлива беше онаа во Јапонија - седум концерти. Јапонците на големо изненадување реагираа бурно. Ние бевме предупредени да не очекуваме многу од публиката, особено не аплаузи меѓу песните, но воопшто не беше така. Имаше многу аплауз, салите беа полни. Многумина беа воодушевени од убавината на девојките. Инаку, највпечатлив момент мене ми е фестивалот "Kastidas Do Majo" во Лисабон, Португалија, организиран од страна на Комунистичката Партија на Португалија. Беше интересно што организаторите кои нè пречекаа таму веќе ја имаа слушано „Ме фатије“. Песната се наоѓаше на една компилација од Фестивали на етно музика на ниво на Европа. Кога стигнавме во Лисабон, уште од аеродром нè пречекаа, во кола ни ја пуштија и ја пееја песната! Ние бевме многу изненадени. Уште повеќе што за време на концертот луѓето плачеа.

> На народот му доближивме песни за кои веруваме дека многумина претходно ги немаа чуено. Тоа се песни како **Ме фатије**, **Мори моме**, итн. Од друга страна, ние како земја постојано се бориме на светот да им ја докажеме и покажеме нашата самобитност, нашето постоење. Синтезис, во таа смисла на зборот, низ музиката е своевиден мисионер на Македонија, зашто тоа е исто така дел од нашата мисија.

Толку силно ја доживуваа песната. Побараа од нас да им ја преведеме и уште повеќе им беше блиска. Има и една приказна во врска со песната - жената на еден од организаторите беше бремена и бебето не мрдаше. Првпат почнало да мрда кога ја пуштиле песната „Ме фатије“ и како што ни кажаа, секогаш бебето реагирало само на таа песна. Тоа веројатно им било дополнителен емотивен момент за песната.

**Премин:** Имате интересен заштитен знак?

**Синтезис:** Поскорник (просфорник). Тоа е нашиот заштитен знак. Тоа е христијански печат. Ќе го има и на новото CD. Музиката што ја свириме е христијанска, мислам дека го заслужуваме и тој христијански знак.



СИНТЕЗИС: Гоце Димовски (1975) - кавал, гајда, зурла; Ване Јованчев (1973) - пијано, клавијатури; Марјан Јовановски (1968) - тамбура; Гоце Узунски (1974) - тапан, тарабука; Радослав Шутевски (1949) - тапани; Анета Шуланковска (1976) - вокал; Билјана Ристовска (1976) - вокал; Мирјана Јошеска (1975) - вокал







**Ме фатије**

Ме фатије ле ле ле,
Ме фатије,
Мила мамо, турски аскер
Мила мамо, турски аскер.
Вечерајте ле ле ле,
Вечерајте,
Мила мамо, не чекајте,
Мила мамо, не чекајте.
Ми врзаје ле ле ле,
Ми врзаје,
Мила мамо, бели раце,
Мила мамо, бели раце.
Ми секоје, ле ле ле,
Ми секоје,
Мила мамо, руси коси,
Мила мамо, руси коси.





**Мори моме**

Мори моме, мори моме,
Ластар моме, леле,
Мори моме, мори моме,
Ластар моме.
Ај се моме, ај се моме,
Ти јожени, леле,
Ај се моме, ај се моме,
Ти јожени.
Нит се женам, нит се
Женам,
Нит се мажам, леле
Скоро ми је,
Скоро ми је мама јумрела.
Још ле нема, још ле нема.
Шест месец леле,
Ќе ја жалам,
Ќе ја жалам годинава.



